Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 147/0102
05.04 2019 год.
Скопје

# Извештај за работата на Комисијата за жалби при СЕММ во 2018 година

Комисијата за жалби при Советот за етика во 2018 година работеше со интензитет сличен на годината пред тоа. Одржавме 14 седници на кои се расправаше за близу седумдесет претставки. За статистиката ќе зборувам малку подоцна.

Што може денес да се каже за работата на Комисијата лани за разлика од годината пред тоа? Во прв ред, дека максимално се труди најпрофесионално да одговори на барањата на подносителите на претставките и покрај тоа што во одреден период работевме со намален број членови. За разлика од почетокот на нашата работа, кога главно се жалеа политичари и новинари, а во 2017 година организации и здруженија од граѓанскиот сектор, лани приматот го имаа граѓаните-поединци. Значи јавноста, што беше и една од целите таа да биде надзорот на етичкото и професионално работење на медиумте и да ѕвони на тревога со пријавување на нарушителите до СЕММ.

Комисијата, како што знаете, е составена од седум члена. Таа редовно одржува седници, најмалку еднаш до два пати во месецот. Слободно може да се каже дека сите членови активно придонесуваа во нејзината работа. Некој со директно учество на седниците, друг виртуелно, преку скајп, електронска пошта или други интернет врски, така што не се случило да немало кворум за работа. Сите одлуки, практично, се носеа со консензус, а во последно време има и надгласување за нарушувањето. Не за одлуката во целост, туку за основата врз која е таа донесена. На пример, не се согласуваат дека се прекршени одделни членови на Кодексот, за кои други членови на Комисијата

сметаат дека се нарушени. Сето ова се прави понекогаш и низ полемична расправа, која знае да трае со часови, но се' со цел одлуката да биде плод на сеопфатно разгледување. Затоа што, токму одлуките на Комисијата се огледало на нејзината работа. Можам да кажам дека од некои подносители на жалби добиваме многу добро образложени документи, што зборува дека приодот на жалителите станува се' поодговорен. На тој начин, се зголемува и одговорноста на Комисијата при носењето на одлуките.

Погоре веќе, споменав дека секогаш успевавме да обезбедиме кворум за работа и дека Комисијата во полн состав брои седум членови. Лани поради заминување на еден член од Комисијата од надворешниот состав беше распишан конкурс и се пополни упразнетото место. Сега останува наредниов период да се пополни уште едно упразнето место. Очекуваме наскоро и тоа да се реши, па Комисијата да работи во полн состав.

Лани продолжи тенденцијата на мало објавување на одлуките на Комисијата за жалби од страна на медиумите - прекршители. Во оваа насока сметам дека треба барем медиумите - членки да ја почитуваат ваквата обврска. Исто и како и годината пред тоа и лани честопати до Комисијата за жалби се обраќаат овластени адвокати на поединци кои се чувствуваат засегнати од нечиј новинарски труд. Тие ги чекаат одлуките на Комисијата и со нив одат на суд и ги користат како поткрепа на претставките што ги упатуваат до судот. Оваа појава зборува за кредибилноста на нашите одлуки.

Со цел да се зајакнат капацитетите на Комисијата, нејзини членови имаа размена на искуство со сродни тела во регионот, преку учество на регионални средби. На тие средби, членовите на Комисијата за жалби

добиваа поддршка од нив, со оглед на тоа што некои од нив постојат и повеќе од десетина години. Претставници на Комисијата, исто така, ги пренесуваа своите искуства и знаења на разни собири во земјава, како и на средби со претставници од невладиниот сектор и студенти во некои градови.

Сега неколку зборови за општата медиумска слика добиена преку работата на Комисијата за жалби. Таа покажува дека најголем број од новинарите, како и преклани, се' уште не водат сметка информациите да бидат точни и проверени, иако ако се направи споредба има подобрување. Во над 60 проценти од жалбите е утврдено дека се заборавени лекциите од факултет за тоа, а една година пред тоа биле дури 80 проценти. И лани новинарите многу сакаат да коментираат, а не да известуваат и да работат со факти. Забележан е значителен раст на непримерна комуникација со јавноста. Има раст и кај говорот на омраза, поттикнувањето насилство и дискриминацијата, како и кај непочитувањето на приватноста.

И лани најмногу загрижува она што го прават онлајн медиумите. Прашање е што да се прави да се зголеми почитувањето на етиката и професионализмот во овој вид медиуми. Комисијата доби најголем број жалби токму против овие медиуми. Има лаги, нема факти. Копи пејст новинарство. Кога зборувам за онлајн медиумите, ние како Комисија констатиравме, а јас лично тоа го зборувам подолго време, дека под итно е потребно подготвување и носење на нов Медиумски кодекс. Во сите прирачници за саморегулација пишува дека Кодексот не е Бибија и дека треба постојано да се надградува или надополнува. Ова го велам од причина што честопати се доведуваме до ситуација, кога на тапет се онлајн медиумите да имаме тешкотии при носењето одлуки.

Затоа сметам дека СЕММ и другите претставници на медиумската зедница овде можат да размислат за таква работа. Ако еден Цукерберг зборува за регулација на социјалните мрежи, тогаш што да кажеме за онлајн медиумите. Ако сакаме саморегулација, тогаш треба со нов Кодекс-медиумски, да одговориме на предизвиците на времето. Во спротивно, власта ќе не' испревари, токму повикувајќи се на Цукерберг и неговите ставови.

Статистички преглед на одлуките на Комисијата за жалби за 2018 година:

Совет за етика во во медиумите на Македонија

## СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ОДЛУКИТЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ ЗА 2018 ГОДИНА










| ПРЕСЕК НА ОДЛУКИ СПОРЕД ЗАСТАПЕНОСТ НА ПРЕКРШЕНИТЕ ЧЛЕНОВИ ОД КОДЕКСОТ | | Стапка на прекршување |
|---|---|---|
| Член 1 | Неточни и непроверени информации, немање „втора страна" и отсуство на најмалку два меѓусебно неповрзани извори. | 23 \ 60,5% |
| Член 13 | Новинарот не прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. | 13 \ 34,2% |
| Член 15 | Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерна комуникација со јавноста. | 12 \ 31,5% |
| Член 10 | Говор на омраза и поттикнување насилство или дискриминација врз која било основа. | 9 \ 23,7% |
| Член 7 | Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност на јавниот интерес. | 8 \ 21% |
| Член 4 | Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити. | 8 \ 21% |
| Член 16 | Новинарот ќе го чува угледот на својата професија и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги. | 5 \ 13,1% |
| Член 11 | Новинарот ќе ги почитува етничките, културните и религиозните различности во Македонија. | 3 \ 8% |
| Член 12 | Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот. | 3 \ 8% |

**Совет за етика во медиумите на Македонија**
Бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" 54/2, тел: (02) 3222 595, е-пошта: info@semm.mk
**www.semm.mk**

Мирче Адамчевски ______________________

Претседател на Комисијата за жалби при СЕММ